Право на учество и право на глас на Собранието на акционери

Согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, право на учество и право на глас на Собранието на акционери има секој акционер кој е евидентиран како сопственик на акции во акционерската книга на Друштвото на денот на утврдување на списокот на акционери со право на учество на Собранието.

Секој акционер има право да учествува во работата на Собранието и да гласа по точките од дневниот ред. Правото на глас се остварува сразмерно на бројот на акции со право на глас што ги поседува акционерот, при што секоја акција со право на глас дава право на еден глас, освен ако со закон или со Статутот на Друштвото не е поинаку утврдено.

Акционерите можат да учествуваат и да го остварат правото на глас лично или преку полномошник, врз основа на уредно издадено писмено полномошно, согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред се врши јавно, освен доколку со закон, Статутот на Друштвото или со одлука на Собранието не се утврди поинаков начин на гласање.

Акционерите кои имаат намера да учествуваат во работата на Собранието можат да се запознаат со материјалите и предлог-одлуките по точките од дневниот ред во седиштето на Друштвото, во работно време, како и на начин утврден во поканата за одржување на Собранието.